Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за животна средина и просторно планирање** | **Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Архивски бр. 31-704/2
Дата: 02.02.2021 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено: 8.02.21

| Орган.ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 242/3 | | |

До: ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Ваш допис број 08-242/1 од 01.02.2021 година**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис **број 08-242/1 од 01.02.2021 година** кој се однесува на издадена дозвола за вршење на дејноста складирање и третман на отпад број УП1-31-1290/2020 од 25.11.2020 година и Решение за проширување на Дозвола за складирање и третман на отпад со арх. Број УП1-31-1290 од 24.11.2020 година на правното лице ДТУООПЕ Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје со подружница на локација КП број 2232/1 КО Гевгелија, ул. Индустриска број 4, Општина Гевгелија, Ве известуваме дека наведените документи Министерството за животна средина и просторно планирање ги има издадено во согласност со Законот за управување со отпадот и Правилникот за минималните технички услови за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад, форма и содржина на образецот за барање и добивање, промена и обновување на дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпад, како и формата и содржината на образецот на дозволата (Сл.весник на РМ број 197/14, 97/17 и 72/18).
Имено, конкретната дозвола е издадена со оглед на тоа што правното лице ги исполнува условите за вршење на дејност складирање и третман на следните видови отпад од Листата на видови на отпад:

Глава 02 ОТПАД ОД ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ХОРТИКУЛТУРА, АКВАКУЛТУРА, ШУМАРСТВО, ЛОВ И РИБОЛОВ, ПОДГОТОВКА И ПРЕРАБОТКА НА ХРАНА
02 01 04 **отпад од пластика (освен пакување)**

Глава 07 ОТПАД ОД ОРГАНСКИ ХЕМИСКИ ПРОЦЕСИ
07 02 13 **отпадна пластика**

Глава 12 ОТПАД ОД ОБЛИКУВАЊЕ И ФИЗИЧКА И МЕХАНИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОВРШИНИТЕ НА МЕТАЛИ И ПЛАСТИКИ
12 01 05 **честички и отсечоци од пластика**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Глава 15 ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, АПСОРБЕНТИ, КРПИ ЗА БРИШЕЊЕ, МАТЕРИЈАЛИ ОД ФИЛТРИ И ЗАШТИТНА ОБЛЕКА ШТО НЕ Е СПЕЦИФИЦИРАН ПОИНАКУ
**15 01 02 пакување од пластика**
**15 01 06 мешано пакување**

Глава 16 ОТПАД ШТО НЕ Е ПОИНАКУ СПЕЦИФИЦИРАН
**16 01 19 пластика**

Глава 17 ШУТ ОД ГРАДЕЊЕ И РУШЕЊЕ (ВКЛУЧУВАЈЌИ ИСКОПАНА ПОЧВА ОД ЗАГАДЕНИ ПОДРАЧЈА)
**17 02 03 пластика**

Глава 19 ОТПАД ОД ПОСТРОЈКИТЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ, ПОСТРОЈКИТЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ОТПАДНА ВОДА НАДВОР ОД МЕСТОТО НА СОЗДАВАЊЕ И ЗА ПОДГОТОВКА НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ВОДА ЗА ИНДУСТРИСКА УПОТРЕБА
**19 12 04 пластика и гума**

Глава 20 КОМУНАЛЕН ОТПАД (ОТПАД ОД ДОМАЌИНСТВА И СЛИЧЕН ОТПАД ОД КОМЕРЦИЈАЛНА, ИНДУСТРИСКА И АДМИНИСТРАТИВНА ДЕЈНОСТ) ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ ФРАКЦИИТЕ СЕЛЕКТИРАН ОТПАД
**20 01 39 пластика**

Согласно горенаведеното може да се види дека воопшто не станува збор за издадена дозвола за складирање на отпад за производство на пелети од RDF (Шифра 19 12 10 – запалив отпад (смеса на горива) како што наведувате, туку само за наведените шифри кои се однесуваат на отпад од пластика.
Дополнително, согласно постапката која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање за издавање на дозволи за складирање на отпад, добиена е Потврда број 11-736/2 од 15.09.2020 година од Општина Гевгелија која е издадена на правното лице ДТУООПЕ Г&О ВАСТЕ СОЛУТИОН ДООЕЛ Скопје каде се наведува дека локацијата КП број 2232/1 КО Гевгелија се наоѓа во градежниот опфат на ДУП со намена Г2, Г3, Г4-Лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта.
Ова е согласно член 2 од Правилникот за минималните технички услови за вршење на дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад, форма и содржина на образецот за барање и добивање, промена и обновување на дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпад, како и формата и содржината на образецот на дозволата (Сл.весник на РМ број 197/14, 97/17 и 72/18), според кој општината треба да издаде Потврда дека локацијата на која треба да се врши дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад се наоѓа


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

надвор од населено место, или дека локацијата е во зона во која намената на земјиштето е определена во системот од класа на намена Г или Е во планскиот опфат на урбанистичкиот план или урбанистичко планската документација или во случај кога локацијата не се наоѓа во зона предвидена во систем на класа Г или Е, потврда издадена од општината со која се согласува на таа локација времено да се врши дејноста складирање, третман и/или преработка на отпад. Потврдата број 11-736/2 од 15.09.2020 година од Општина Гевгелија Ви ја доставуваме во прилог на Ваш увид.

Со почит

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Тања Пауновска
Контролирал: Државен секретар, Каја Шукова


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk